МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Јуни 2012
БРОЈ 131

## Почнаа подготовките за новите форумски сесии



На 6 и на 7 јуни 2012 година се одржаа состаноците на оперативните групи за општините Делчево и Желино каде МЦМС, во овој циклус, ќе ги спроведува Форумите во заедниците.

Состаноците на оперативните групи се дел од подготовките за започнување на форумските сесии. На состаноците, членовите беа запознаени со нивните одговорности, начинот на мобилизирање граѓани за сесиите, деталите околу подготовката на сесиите и известувањето за нив итн. На состаноците им претходеше избор на ко-модератори за двете општини и обуки од страна на Единицата за координација на форумите.

Заедно со општините беа договорени и термините за првите две сесии. Првата форумска сесија во Делчево беше закажана за 15 јуни, а во Желино за 21 јуни 2012 година. Втората сесија во Делчево треба да биде организирана на 6 јули, а во Желино на 18 јули 2012 година.

И во двете општини се спроведуваат проектни форуми. Форумските сесии се очекува да завршат во октомври 2012 година.

## Пуштен во употреба веб-сајтот „Огледало на Владата“

www.ogledalonavladata.mk




## Започнаа форумските сесии во Делчево

На 15 јуни 2012 година, со одржувањето на првата форумска сесија во општина Делчево започна спроведувањето на форумот во заедницата. На сесијата, во спомен домот АСНОМ, присуствуваа 82 граѓани кои разговараа за нивните проблеми и за тоа како ќе ги употребат финансиските средства од проектот за да ги подобрат условите за живот. На гласањето, мнозинството граѓани се определи за темата „животна средина“ што значи дека во следните фази ќе се идентификуваат проблеми и решенија, а потоа ќе се формулираат и проекти од областа на животната средина. Буџетот што им стои на располагање за проектите изнесува 4.800.000 МКД.

Граѓаните беа задоволни од можноста да учествуваат во носењето на одлуките во општината. „Јас лично, како граѓанин очекувам позитивни резултати од форумите. Се надевам дека ќе успееме да издејствуваме финансиски средства со кои ќе се решаваат проблемите во Делчево“, вели Николче Николовски. За Крум Николовски од особена важност е „да се обрати внимание на селектирањето на комуналниот цврст отпад“.

И општината очекува позитивни резултати од форумскиот процес. „Ова е одлична можност за зајакнување на капацитетите



*Граѓаните на Делчево избираат тема за форумскиот процес*

на општина Делчево во делот на партиципативно одлучување, спроведување на проекти од локално значење што значително ќе придонесе за зголемување на довербата на граѓаните во локалната самоуправа“, смета Николче Трајановски, претседател на Советот на општината.

Форумскиот процес освен Трајановски го поздравија и Миодраг Колиќ од Единицата за координација на форумите и Димче Митрески, извршен директор на МЦМС која е имплементирачка организација на форумот во Делчево.

Втората форумска сесија е закажана за 6 јули 2012 година во 17.30 часот во спомен домот АСНОМ.

## Желино се вклучи во форумскиот процес

Општина Желино го започна форумскиот процес на 21 јуни 2012 година со одржувањето на првата сесија. Големиот интерес за овој процес го потврдува бројката од 135 присутни граѓани кои дојдоа да разговараат за нивните проблеми и да бараат решенија за нив.

На граѓаните им беа презентирани три теми и тоа: образование, комунална инфраструктура и култура. По дискусијата, најмногу гласови (93) доби темата за образованието.

„Ние како општина сме дебитанти во форумите“, рече Фатмир Изаири, градоначалник на општината Желино. „Имаме многу проблеми, а еден од нив би го одвоил како посериозен - образованието и школската инфраструктура. Во општината има три основни училишта кои работат во тешки услови. Ако успееме барем во едното од нив да ги подобриме условите за работа, ќе биде навистина многу добро“, додаде градоначалникот.

Пред граѓаните стои предизвикот на идентификување на проблемите и решенијата во оваа тема, потоа формулирањето на концептите и предлог проектите кои на завршната, петта сесија ќе бидат ставени на гласање. „Позитивно сум изненаден од



*Големиот интерес за форумите го потврди бројката од 135 присутни на сесијата*

форумот затоа што ми дава можност мене, како граѓанин, и на другите кои беа присутни овде, директно да одлучуваме за тоа кој од нашите проблеми ќе го решаваме со овие средства што ни стојат на располагање“, рече Шазивар Мемеди, граѓанин на Желино.

Учесниците ја утврдија структурата на форумот и правилата за работа. На крајот од сесијата беше формирана работна група која ќе подготви проблемска анализа на избраната тема. Граѓаните се договорија следната сесија да ја одржат на 18 јули 2012 година во ОУ „Луиѓ Гуракуќи“ во населеното место Желино.

## Стручните состаноци - дел од развојот на персоналот

МЦМС посветува големо внимание и грижа за развојот на својот персонал, затоа што луѓето кои работат во МЦМС се клучниот ресурс за неговиот успех. Дел од развојот се прави преку споделување на информации и знаења внатре во организацијата. Една од тие форми се стручните состаноци. Во е-билтенот на МЦМС ќе бидат споделени и кратки информации за темите на одржаните стручни состаноци. Во текот на јуни беа одржани два такви состаноци.

**Влијанието на општествената одговорност на малите и средни претпријатија врз однесувањето на потрошувачите во Р.Македонија.** Целта на стручниот состанок беше да се споделат наодите, заклучоците и препораките од истражувањето спроведеното за магистерската работа на презентерот Симона Огненовска. Истражувањето е направено за да се проверат и анализираат разбирањето и перцепциите на потрошувачите во Македонија за општествената одговорност и да се споредат со перцепциите на малите и средни претпријатија.

**Оценки на работните достигнувања за 2011 година.** МЦМС, најмалку еднаш годишно прави оценка на работните достигнувања на своите вработени. Резултатите се сумираат во еден извештај каде се презентирани заедничките елементи додека поединечните оценки се предмет на деловна тајна. Заеднички елементи кои се анализирани и презентирани на стручниот состанок се: вкупна оценка на МЦМС и групи; отстапувања од вкупна оценка на МЦМС по групи и соработници, оценки по критериуми, постигнување и поставување на цели и други битни елементи од описниот дел. Извештајот го подготви и презентираше Кренар Кука.



# Публикуван Годишниот извештај за 2011 г.

На крајот на јуни, МЦМС го публикуваше Годишниот извештај за 2011 година во кој се презентирани постигнувањата на програмски и на организациски план.

МЦМС во 2011 година имаше вкупен обем (портфолио) од 19 проекти и буџет од околу 53 милиони денари. Реализацијата на портфолиото е целосна, додека на буџетот е 93% од планот.




Во 2011 г. по подолг период, МЦМС спроведе активности за следење на изборите, за време на кампањата и на самиот изборен ден, наречени Интегрирана платформа за набљудување на изборите „Мојот избор 2011", во партнерство со Институтот за демократија и Македонскиот институт за медиуми. Од програмски аспект, покрај активностите за изборите, годината ја одбележаа истражувачките активности. Цивикус – Индекс на граѓанското општество и анализата на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор посебно се истакнуваат, како сеопфатни и потрајни истражувања. Покрај нив, беа спроведени и објавени 21 истражувачки извештаи, како и серија анализи на изборните програми. Во 2011 г. МЦМС ја иницира и поддржа подготовката на три локални стратегии за соработка со граѓанските организации, и тоа во општините Битола, Дебар и Јегуновце. Програмите „Добро управување во Македонија" и „Македонија – Модел за дијалог на културите" завршија, а започнаа со спроведување програмите „Пристап на Ромите до фондовите на ЕУ" (ПРФ) и „Форуми во заедниците" (ПФЗ).

Активностите за изборите и истражувачките активности доведоа до рекордна медиумска покриеност на МЦМС, 362 настапи и објави во медиумите. Исто така трендот на зголемување на посетеноста на веб-страницата на МЦМС продолжи и во 2011 година (22% поголема посетеност од 2010 г.).

Во однос на внатрешната организација, започна и процесот на стратешко планирање на МЦМС за следниот среднорочен период. МЦМС беше повторно избран за институција за раководење со Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП).

Годината ја одбележаа и изборот на ново извршно раководство на МЦМС и одбележувањето на 18-годишното постоење. Новиот Одбор на директорите, по завршувањето на мандатот на досегашниот прв извршен директор, Сашо Клековски, го сочинуваат Александар Кржаловски и Димче Митрески.

# Органите на државната управа подготвени ќе ја дочекаат својата слика во „Огледалото"

Работилницата за методологијата за следење на отвореноста на органите на државната управа во подготовка на законите се одржа на 13 јуни 2012 г. во Скопје. Учествуваа претставници на институциите кои ќе бидат вклучени во пополнувањето на вториот прашалник за следење на вклученоста на јавноста во подготовката на законите.

Петнаесет претставници на 13 државни институции на почетокот се запознаа со целите, резултатите и активностите на проектот „Огледало на Владата".

Тина Дивјак, експерт од ЦНВОС од Словенија ја потенцираше важноста на следењето на отвореноста на институциите и ги претстави резултатите и искуствата од повеќегодишното спроведување на методологијата во Словенија.

Во вториот дел од работилницата, Емина Нурединоска и Марија Саздевски од МЦМС, ги претставија индикаторите за следење на вклучувањето на јавноста во подготовката на законите. Учесниците ги дадоа своите предлози и коментари за прилагодување на прашалникот на контекстот во Македонија, што ќе го олесни пополнувањето на прашалникот од страна на институциите.



*Беа претставени резултатите и искуствата од Словенија*

Проектот „Огледало на Владата: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони" е поддржан од Европската Унија од инструментот за човекови права и демократијата (ЕИДХР). Целта на проектот е да се зголеми соработка на граѓанските организации со органите на државната управа во процесите на креирање политики и подготовка на закони. Проектот се спроведува во партнерство со ЦНВОС од Љубљана и Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН).